# Томур Атагук
# Tomur Atagök

# Фузун Онур
# Füsun Onur

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
СКОПЈЕ
ДАУТ ПАШИН АМАМ
МАКЕДОНИЈА

ART GALLERY
SKOPJE
DAUT PASHA HAMAM
MACEDONIA

# Томур Атагук
# Tomur Atagök

# Фузун Онур
# Füsun Onur

15 - 30 СЕПТЕМВРИ 1994

15 - 30 SEPTEMBER 1994

# ДНЕВНИК ЗА ПРОСТОРОТ, МАПА НА ВРЕМЕТО

Интуитивното сфаќање на времето како линеарен тек на настани, се разликува од сознанијата и толкувањата на современата наука и филозофија. Предрасудата дека, "времето тече" претставува основа на погрешеното тврдење дека објективно и реално постојат само настаните што се случуваат токму сега. Ваквата асиметрија на демонстративните изрази "овде" и "сега" ја овозможува секојдневната привилегираност на сегашноста врз реалноста.

Како заблуда е третирана и сликата за историското време како хомогено напредување од минатото, преку сегашноста, во иднината [1] бидејќи за философите и физичарите нашата егзистенција во времето е рамноправна и адекватна на егзистенцијата во просторот [2]. Сфаќањето дека постои само еден објективен тек на времето, како и претставата за реалноста како бесконечна низа на слоеви на "сегашности" кои сукцесивно стануваат реални, веќе подолго време се подложени на преиспитување. "Секој набљудувач има свој сопствен збир на "сегашности" и ниеден од тие различни системи на слоеви не може да полага исклучиво право да го претставува објективниот тек на времето". [3] (Гедел,1949)

Во делата на Томур Атагук и Фјусун Онур, авторки од Турција, спротиставените сфаќања за времето и неговиот однос кон просторот и реалноста, преку различни медиуми и концепти, стануваат конзистентни елементи. Начинот на кој делата на Томур Атагук се поставени во контекст на оваа проблематика е многу едноставен. Таа ја одбира формата на дневник: ѕидовите на Даут-пашиниот Амам ги третира како листови од хартија за врз нив да "испише" една долга реченица од својот сликарски дневник составен од колажи. Малите формати (лесно подвижни и едноставни за обработка) се подлога за различни елементи и материјали (карти од метро, влезници за музеи, ќесички од шеќер) кои авторката ги собирала и колажирала во текот на своите патувања.

Некои од делата не се прецизно датирани или се изработени подоцна, со комбинирање на различни материјали, од различни места и настани. Затоа "зборовите", хоризонталните картонски ленти, не можат да се "читаат" хронолошки. Зошто тогаш еден вака хронолошки недоследен "текст" добил наслов "дневник"?

Литературната форма на дневник се должи на убедувањето дека најверодостојни се впечатоците што се запишани истовремено со настанот, во сегашноста. Митот за поголемата вистинитост на сегашноста [4] го нарушува самата форма на дневник. Имено, се подразбира дека во секој дневник фактите нужно се подложуваат на редукција и симплификација. Во спротивно би се појавил еден неизбежен парадокс: апсолутно реалниот дневник што би забележувал сѐ што му се случува на авторот, би се оневозможил самиот себе: на авторот не би му се случувало ништо - тој постојано би го пишувал својот дневник.

Вообичаено е сегашноста да се претставува како момент при кој доаѓаме во контакт со околината, но ваквата дефиниција на сегашноста претпоставува дека тој момент по нешто се разликува од останатите моменти. Меѓутоа, ние воспоставуваме контакт со нашата реалност постојано, па не сме во состојба да го изолирме и дефинираме моментот на сегашноста. Затоа поубедливо звучи тврдењето дека "сегашноста претставува произволен миг околу кој го насочуваме нашиот концепт за времето. [5] Со свест за тоа дека времето, исто како и просторот, не протекува, Томур Атагук на одредено време секогаш реферира преку одреден простор: секој од колажираните елементи истовремено припаѓа на некој момент и простор, со што се релативизира нашата способност за поодделно дефинирање на категориите простор и време, т.е. се поддржува теоријата за просторнолико време. [6]

За разлика од Томур Атагук која со својот дневник ја потенцира фрагментарната и дискретната структура на субјективното време, Фјусун Онур е преокупирана со историското време; со човековата желба за потврдување на сопственото постоење во историјата со создавање на уметнички дела, градби и споменици, што се должи токму на

стравот дека поголема легитимност има постоењето во сегашноста.

Инсталацијата на Фјусун Онур е повторно една хоризонтала што се протега вдолж ѕидовите на Амамот, овој пат изведена од превези од тул кои во ритмот на повторувањето на богатите набори како да ја испишуваат посветата на самото дело: "на оние што се искапиле тука". Така, просторот на Амамот (првобитно оваа просторија била шадрван на женскиот дел од Амамот) се претвора во монумент на историското време кое што ... одминало? И повторно доаѓаме во опасност да бидеме намамени во стапицата на недофатливата "објективна" вистина за времето.

Од вистината за историјата и минатото на непознатите капачи [7] не дели превезот со кој во многу религии е обвиткана, замотана вистината, Бог [8]. Во исламската традиција превезот е поврзан со потрагата по спознание. "Превез? Тоа е перде поставено меѓу оној што бара и неговата цел, меѓу искушеникот и неговата желба, меѓу стрелецот и неговата мета". [9] Целта на Фјусун Онур е очигледна: да го искористи просторот, неговата функција и историја за да ја оствари прагматиката на своето дело.

Како што во традиционалната исламска мисла откривање значи истовремено симнување, но и ставање, прекривање со превез (бидејќи во спротивно вистината може да ги "спржи" своите сведоци), така во западната мисла (Ниче, Хајдегер [10]) вистината за битието е завиткана во превези: како што жената се украсува и преправа така и битието е "заштитнички прекриено со заборавање". Според Дерида, заборавањето не е само човечки чин туку е запишано во самата суштина на битието. Превезите на Фјусун Онур го претставуваат заборавањето, но истовремено му подигнуваат споменик на сеќавањето, значи не споменик на оние што се избањале во овој Амам во минатото, туку споменик на самото сеќавање. Мирисот пак што се шири од кесичките скриени во тулот претставува орнамент подеднаков важен со самиот монумент.

Според мистичната филозофија на суфите, превезот ја претставува самата егзистенција. Со тоа, ова дело, слично како во просторноликата, атемпорална интерпретација на времето, ја потврдува рамноправноста на настаните, објектите и личностите од минатото, сегашноста и иднината, потврдувајќи дека ништо не влегува или излегува од егзистенција. И покрај тоа што превезот на вистината во сегашноста го прекрила сеќавањето за нив, нивната егзистенција не зависи од временскиот предикат исто како што нашата егзистенција од сегашноста нема да "протече" во иднината: поточно, на секој момент од нашето постоење одговара некое "овде" и "сега".

Во колажите на Томур Атагук и во превезите на Фјусун Онур, личните и историските искуства водат кон откривање, отворање на вистината бидејќи тие се впишуваат во автентичниот простор овозможувајќи го нејзиното збиднување и лоцирање во времето, токму "овде" и "сега".

Сузана Милевска

ЗАБЕЛЕШКИ;

1. Со својата интерпретација на сликата "Ангелус Новус" од Пол Кле, Валтер Бенјамин ја формулира деветтата теза од "Историско-филосовските тези" како критика на претставата на историјата како ланец на настани во движење на напред и кон развој. Бенјамин,В., Есеји, Нолит, Београд, 1976,стр.83
2. Кристенсен, Ф., "Теоријата на просторнолико време" во: Човекот и времето, (приреди:Д.,Јакимовски), Култура, Скопје, 199О, стр. 143-159
3. цит.сп.Сесардиќ, н., "Времето во светот на Минковски", Филозофска истраживања 12, год.5, Св.1, 1985
4. Прио, А.Н., "Поимот за сегашноста" во: Човекот и времето, op.cit.стр. 95-100
5. Парк, Д., "Митото за минливоста на времето" во: Човекот и времето, op.cit. стр.90
6. "Времето "тече" само во смисла во која што тече линијата или како што пејзажот се оддалечува на запад... И секој од нас минува низ времето единствено онака како што оградата минува низ полето: делови од нашето суштество и делови од оградата заз емаат последователни моменти и точки": Вилијемс, цит.сп. Сесардиќ, Н., op. cit.стр.43
7. за митот за една млада Турчинка која се загубила во Амамот после ритуалното капење вечерта наспроти свадбата види: Урошевиќ, В., Лов на еднорози, Македонска книга, Скопје, 1983, стр. 23-35
8. Во исламската традиција Божјото лице е затскриено зад седумдесет илјади превези на светлост и темнина. Chevalier, I, Cheerbrant A; Rijecnik simbola, Nakladni zavod Matice Hrvatske, Zagreb, 1989, str 742.
9. Ibid, str 742.
10. Derrida, I; Spurs, Nietsche's Styles, University of Chicago, 1979.

## DIARY OF SPACE, MAP OF TIME

Intuitive comprehension of time as a linear course of events, differs from the knowledge and interpretations of modern science and philosophy. The prejudice that it is running is actually the basis of the erroneous assertion that only events in duration exist objectively and really. The asymmetrical position of the demonstrative words "here" and "now", causes the regular privileged position of the present over reality.

The image of historic time as a homogeneous advancement from the past, through the present into the future[1], is also treated as an error as for philosophers and physicists our existence in time is equal and adequate to existence into space.[2] The idea that there is only one objective course of time, and the comprehension of reality as an endless series of layers of "presents" that successively become real, have been subjected to reconsideration for quite some time. "Each and every observer has his own multitude of "presents" and none of these different systems of layers cannot get an exclusive right of presenting the objective course of time."[3] /Gödel, 1949/

In the works of Tomur Atagök and Füsun Onur, artists form Turkey, the opposed ideas of time and its effect on space and reality, through different media and concepts, become consistent elements. The manner of presentation of Tomur Atagök's work in relation to this issue, is very simple. She has chosen the diary form: the walls of the Daut Pasha's Bath are treated as paper sheets of which she "inscribes" a long sentence of her painterly diary that is consisted of collages. The small formats /easy to move and simple for handling/ are background for different elements and materials / tube tickets, museum tickets, sugar bags/ which the artist has collected and built into a collage during her journeys.

Some of the works are not precisely dated or are done later by combination of different materials, from different places and events. Therefore, "the words", the horizontal stripes cannot be "read" chronologically. How come then, that such an chronologically inconsistent "text" has been given the title of "diary"?

The literary shape of a diary comes from the belief that most truthful are impressions written simultaneously with the event, in the present. The myth about the greater truthfulness of the present[4], is disturbed by the diary form. Namely, it goes without saying that the facts of every diary are necessarily subjected to reduction and simplification. If not, an unavoidable paradox would appear: the absolutely real diary, recording everything that is happening to the author, would stop itself, nothing would happen to the author, he would be busy writing the diary.

It is common that the present is defined as a moment in which we get in touch with the environment, but such a definition of the present includes an idea that this moment in some way is different than the rest of the moments. Nevertheless, we manage to get in touch with our reality all the time, and in this way we are not capable of isolating and defining the present moment. That's why it is more convincing to claim that the present is an arbitrary moment towards which we direct our concept of time.[5] Being aware that time as well as space does not run, Tomur Atagök at certain intervals reffers through a certain space: each of the collage elements in the same time belongs to a certain moment and space, which makes relative our capacity of separate defining of the categories space and time, meaning that the theory of spacely time is followed.[6]

Unlike Timur Atagök that by her diary points out the fragmentary and discrete structure of subjective time, Füsun Onur is preoccupied with historic time, with human need for proving the existence in history by creating works of art, structures and monuments resulting exactly form the fear that existing in the present involves greater legitimacy. The installation of Füsun Onur is again a horizontal going along the Bath s walls, but this done with veils and the repeated rhythm of the luxurious folds seem to inscribe the dedication of the work itself: "to those that have taken their bath here." In this manner, the Bath space /that originally was the fountain room of the female section of the Bath/ is turned into a monument of historic time that has... passed? Once again we are in danger of being lured into the trap of the "untouchable, "objective" truth of time.

From the truth about the history and past of the unknown bathers[7], we are separated by the veil that in many religions covers

and wraps up the truth, God[8]. In the tradition of Islam, the veil is related to the search for knowledge. "Veil? It is a curtain placed between the seeker and his goal, the novice and his desire, between the archer and his target."[9] The target of Füsun Onur is obvious: she wants to use the space, its function and history, in order to fulfill the pragmatics of her work.

If in the Islam tradition, uncovering also means taking off and putting on, covering with veil /otherwise the truth might "burn down" the witness/, in Western philosophies /Nietzsche, Heideger/ [10], the truth about the being is covered with veils; the way women make up themselves, being itself is also "protectively covered by oblivion." According to Derrida, oblivion is not just a human act, it is written down in the very essence of being. The veils of Füsun Onur present the oblivion, but in the same time, they erect a monument to memory and not a monument to those that have taken their bath in this Bath, but a monument to the memory itself. The scent coming from the little bags that are hidden in the veil, is a ornament of equal importance, as the monument itself.

According to the mystic philosophy of the Sufi, the veil presents the very existence. In this way, this work, similarly to the spacely, timeless interpretation of time, confirms the equality of events, objects and characters form the past, present and future, and proves that nothing comes in or goes out of existence. Although the veil of the present have covered the memory about them, their existence does not depend on the time predicate, the way our existence will not "run" from the present into the future: to be precise, each moment of our existence, corresponds to some "here" and "now".

The collages of Tomur Atagök and the veils of Füsun Onur, the personal and historic experience, lead to uncovering, opening of the truth, as they are inscribed in an authentic space that enables its happening and situating in time, right "here" and "now".

Written by Suzana Milevska

Translated into English by Zaneta Stanoevska

Notes:

1. With the interpretation of Paul Klee s painting "Angelus Novus", Walter Benjamin formulated the 9-th thesis of his "Historic-philosophical thesis" as a criticism of the presentation of history as a chain of events moving forward and towards development. Benjamin W., Esseys, Nolit, Beograd,1976, pg.83

2. Kristensen F. "Teorija na prostornolikoto vreme": Covekot i vremeto /D.Jakimovski/; Kultura, Skopje,1990,pg.143-159

3. Sesardic N. "Vremeto vo svetot na Minkovski",Filozofski istrazuvanja 12,god.5,Sv.1,1985

4. Prior A.N. "poimot na segasnosta": Covekot i vremeto, pg.95-100

5. Park D. "Mitot za minlivosta na vremeto": Covekot i vremeto, pg.90

6. "Time is running only in a manner that a line is running or the way the landscape is leading away towards the West.... Each of us passes through time, the way the fence passes through the field, parts of our being and parts of the tense take subsequent moments and points... "Williams, quoted by Sesardic N.op. cit. p.43

7. The myth about the young Turkish girl that lost herself in the Bath after the ritual bathing on the evening before her wedding: Urosevic V.Lov na ednorozi, Makedonska kniga, Skopje, 1983, pg.23-35

8. In Islam tradition, Gods face is hidden behind 70.000 veils of light and darkness. Chevalier J.Cheerbrant A. Recnik simbola, Nakladni zavod Matice Hrvatske, Zagreb, 1989, pg.742

9. Ibid., pg. 742

10. Derrida J.Spurs, Nietzsche s Styles, University of Chicago, 1979

# Томур Атагук
# Tomur Atagök

ДНЕВНИК
DIARY


DEUTSCHE BUNDESBAHN
Standort
Tag
Uhrzeit
Preis
SACCO & VANZETTI
CAFÉ


MADE in
EGYPT


KARINA
çiçekliği
Vefa Bey Cad. No: 16
Gayrettepe – İstanbul
Tel: 167 19 61
172 27 03
NON CLOS


# Фузун Онур
# Füsun Onur



ИНСТАЛАЦИЈА
НА ОНИЕ ШТО СЕ ИСКАПАЛЕ ТУКА
INSTALLATION
TO THOSE WHO HAVE TAKEN THEIR BATH HERE


1,000
10
30
700
50
15
20
100
800
400
5
HEAR
SAY
40


AGROPLOD
3½ oz
NET WEIGHT

# Фузун Онур
# Füsun Onur

ИНСТАЛАЦИЈА
На: ОНИЕ ШТО СЕ ИСКАПИЛЕ ТУКА
INSTALATION
To: THOSE WHO HAVE TAKEN THEIR BATH HERE











## ТОМУР АТАГУК

Родена во Истамбул-Турција во 1939 година. Студиите по уметност и образование ги завршила на Државниот универзитет Оклахома, Колеџот за уметност и занаети, и Универзитетот на Калифорнија-Беркли во САД. По нејзиното враќање во Турција во 1973 година продолжува да предава уметност.
Работела како помошник директор во Музејот за ликовна уметност во Истанбул во периодот од 1980 до 1984, и докторирала на музеологија. Сега предава уметност и е организатор на културните настани на Универзитетот Yildis.

### САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1966 - Државна галерија за ликовна уметност, Турција
1968 - Галерија Friimanson, Горен Престон, Вашингтон, САД
Галерија last Shore, Вашингтон, САД
1969 - Изложба Shavey-Skhiller, Сиетл, Вашингтон, САД
Галерија Court, Такома, Вашингтон, САД
1970 - Уметничка галерија ААА, Сиетл, Вашингтон, САД
1974 - Градска галерија Таксим, Истанбул
1975 - Уметничка галерија Cumali, Истанбул Уметничка галерија на Американскиот информативен центар, Истанбул
1978 - Уметничка галерија Бараз, Истанбул
1979 - Уметничка галерија на Културниот центар Hoogeveen, Drenthe, Холандија
1981 - Државна галерија за ликовна уметност, Истанбул
1982 - Галерија Bebek Akbank, Истанбул
1983 - Државна галерија за ликовна уметност, Истанбул
1984 - Уметничка галерија Vakko, Измир, Анкара
1985 - Уметничка галерија Garanti Bank, Истанбул
1988 - Музеј за ликовна уметност, Анкара
1989 - Уметничка галерија Lami, Истанбул

### ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1971-72 Изложби на Уметничката галерија Panaca, Bellevue, Вашингтон, САД
1972 - Меѓународна графика на Сиетл, Сиетл, Вашингтон, САД
Национална уметничка изложба Mother - Lode, Калифорнија, САД
1973 - Американски акварели, Спрингфилд, Мизури, САД
1974-75,80,82,83 Годишна државна изложба на слики и скулптури, Турција
1976 - Bayreuth-Schloss Eremitage, Bayreuth, Германија
1978-85 Уметнички конкурс Дуо, Турција
Александриско биенале, Египетска Уметност 78, Истанбул
1980-81 - Галерија El College Aele, Мадрид, Шпанија, 82,83
Изложба на современи уметници од Истанбул, Истанбул
1983 - Сликарство од Турција, Анкара
1984 - Примери на современата уметност од Турција, Алжир
Преглед на современото турско сликарство од 1950, Истанбул
85,86,87,88 Преглед на авангардната турска уметност, Истанбул
1985 - Турско сликарство, Романија
1986 - Изложба на современа турска пластика, Анкара
1987 - Развојот на турското сликарство, Истанбул
Сликарството денес, Истанбул
Уметничка галерија на Турскиот конзулат "Highlights" Mine, Лондон, Англија
Уметничка галерија Group Exh Soyak, Истанбул
1988 - "Од современото турско сликарство", Yildiz Универзитет, Истанбул
Уметничка галерија Group Exh Soyak, Истанбул
1989 - Современа уметност '89, Истанбул
Дипломска изложба на студентите од Robert College
Групна изложба, Дермод Културен центар, Истанбул

### НАГРАДИ

1962 - Друштво на илустратори Почесна пофалница, Њујорк, САД
Дипломска изложба, Прво место, Пофалница, Државен универзитет на Оклахома, Оклахома, САД
1972 - Mother-Lode Национална уметничка изложба, Прво место во комбинирана техника, Калифорнија, САД
1974 - Државна годишна изложба на слики и скулптури, Пофалница, Турција
1976 - Интернационална уметничка награда UFACSI Clemont Ferrand et Vichy, Групна награда, Франција
1979 - Списание Ev Dekorasyon, Награда златна палета, Истанбул, Турција
1983 - Изложба на современи уметници од Истанбул, Пофалница, Истанбул, Тирција
Нови правци, Сребрен медал, Истанбул, Турција
1985 - Уметнички конкурс на Горниот парламент на Турската Република, Трета награда, Анкара, Турција
1988 - Награда за сликарство и пластична уметност за 1988, Sanat Kurumu, Анкара, Турција

## TOMUR ATAGÖK

She was born in Instnbul, Turkey in 1939. Completed her art education at Oklahoma State University, College of Arts and Crafts and University of Califonia, Berkely in the States.
Contiuned Iteaching art on her return to Turkey in 1973. Worked as the Assistant Director of the Fine Arts Museum in Istanbul between 1980 and 1984, and completed her thesis on museology. At present she teaches art and organizes curtural activities at Yildiz University.

### ONE-PERSON EXHITIBIONS

1966 State Gallery of Fine Arts, Turkey
1968 Freemanson Gallery, Upper Preston, Washington,USA
The East Shore Gallery, Washington,USA
1969 Shavey-Schiller Exhibition, Seattle, Washington,USA
Court Gallery, Tacoma, Washington, USA
1970 AAA Art Gallery, Seattle, Washington USA
1974 Taksim City Gallery, Ist.
1975 Cumali Art Gallery, Ist.
American Information Center Art Gallery, Ist.
1978 Baraz Art Gallery, Ist.
1979 Hoogeveen Culture Center Art Gallery, Drenthe, Holland
1981 State Gallery of Fine Arts, Ist.
1982 Bebek Akbank Gallery, Ist.
1983 State Gallery of Fine Arts, Ist.
1984 Vakko Art Gallery, Izmir, Ankara.
1985 Garanti Bank Art Gallery, Ist.
1988 Museum of Fine Art, Ankara
1989 Lami Art Gallery, Ist.

### GROUP EXHIBITIONS

1971-72 Panaca Art Gallery Exhibitions,Bellevue, Washington, USA
1972 Seattle Print International, Seattle, Washington,USA
Mother-Lode National Art Exhibition, Calif.USA
1973 Watercolor USA, Springfield, Missouri, USA
1974 75,80,83 Annual State Exhibition of Painting and Sculpture, Turkey
1976 Bayreuth-Schloss Eremitage, Bayreuth, Germany
1978-85 Dyo Art Competition, Turkey
Alexanderia Bienelle, Egypt Arts 78, Ist.
1980 El College Aele Gallery, Madrid, Spain
81,82,83 Contemporary Istanbul Artists Exhibition, Ist.
1983 La Peinture En Turquie, Ankara
1984 Les Examples de L'art contemporain Turque, Algeria
A Corss Section of Contemporary Turkish Painting since 1950, Ist.
1985 Turkish Painting, Romania
1986 Contemporary Turkish Plastic Arts Exhibition, Ankara
1987 The Modernization of Turkish Painting, Ist.
Painting Today, Ist.
"Highlights" Mine Art Gallery Turkish Consulalte, London, G.B.
Group Exh. Sovak Art Gallery, Ist.
1988 "From Contemporary Turkish Painting", Yildiz University, Ist.
Group Exh.Sovak Art Gallery, Ist.
1989 Contemporary Art '89, Ist.
Exhibition of Robert College Graduates, Ist.
Group Exhibition, Derimod Culture Center, Ist.

### AWARDS

1962 Society of Iliustrators, Honorary Mention, New York, USA
Graduation Exhibition, First Place, Award of Recognition, Oklahoma State University, Oklahoma. USA
1972 Mother-Lode National Art Exhibition, First Place in Mixed Media, California, USA
1974 Annual state Exhibition of Panting and Sculpture, Award of Recognition, Turkey
1976 UFACSI Clermont-Ferrand et Vichy International Arts Prix, Group Award, France
1979 Ev Dekorasyon Magazine, Gold Palette Award, Ist. Turkey
1983 Contemporary Istanbyl Artists Exhibition, Award of Recognition, Ist., Turkey
New Trends, Silver Medal, Ist, Turkey
1985 Grand Parliament of Turkish Republic Art Competition, Third Place, Ankara, Turkey
1988 Sanat Kurumu, Plastic Arts Award for 1988 in Painting, Ankara, Turkey

## ФУЗУН ОНУР

Родена 1938 во Истанбул-Турција. Дипломирала на Американскиот Државен колеџ Бугларбаси во 1956. Дипломирала и на Академијата за ликовни уметности(оддел за скулптура) во Истанбол 1969. Во 1962 год. како корисник на Фулбрајтова стипендија престојувала во САД. Во 1967год. магистрирала ликовна уметност на Мериленд Институтот-Колеџ за уметност, Балтимор, САД. Во 1967 се враќа во Истанбул каде што живее сега како слободен уметник.
Пишувала статии за нејзината уметност и уметноста воопшто.
Учествувала на симпозиуми и била член на жири комисии.

**САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ**

Од 1970 до 1990 има приредено 11 самостојни изложби.

**ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ**

1971 - Париско Биенале
1974 - Уметнички изложби на Република Турција
Конкурсна изложба Hadi Bara
1975 - Middleheim Б. Биенале, Белгија
1975-76 - Изложби на Археолошки музеј
1981 - Изложба на нови правци во уметноста, Академија за ликовна уметност
1982 - Б.Б.Ц 50 години на уметничка изложба
1984-88 - Еден дел на изложби на современа ликовна уметност
1986 - Интернационално-азиско-европско уметничко Биенале, Анкара
1987 - Интернационално уметничко Биенале, Истанбул
1988-93 - А.Б.Ц.Д, Групни изложби Истанбул
5 Изложба со пресек на авангардната турска уметност,МСУ Музеј за сликарство и скулптура, Истанбул
1989 - Групна изложба, Културен центар Dermond, Истанбул
10 уметнци - 10 дела: А. Ататурк културен центар, Истанбул
1990 - Голема изложба II МСУ Музеј за сликарство и скулптура, Истанбул
8 уметници - 8 дела, Ататурк културен центар, Истанбул
1991 - Евро дијалог, 13 жени уметници од Истанбул, Палата Yldiz, Истанбул
1992 - 10 уметници - 10 дела, Ц. Ататурк културен центар, Истанбул
Sanat-Texnh, МСУ Музеј за сликарство и скулптура Истанбул
1993 - 10 уметници - 10 дела: Д. Уметничка галерија Маска, Истанбул
Истанбулска изложба, Ататурк културен центар, Истанбул
1994 - Турската уметност денес,ИФА (Institut fur Auslandsbeziehungen), Берлин, Штудгарт

**НАГРАДИ**

1972 - Скулптор на годината, Списание за уметност Milliyet, Истанбул
1974 - Награда на "35 уметничка изложба на Република Турција, Истанбул
Втора награда на скулпторска меморијална изложба Hadi Baba, Инстанбул
1975-76 - Уметничка награда на Археолошкиот музеј, Изложба на отворен простор, Истанбул
1981 - Сребрена медаља на изложбата на: "Новите правци во уметноста", Истанбул

ПРИВАТНИ И ЈАВНИ КОЛЕКЦИИ: МСУ Музеј за сликарство и скулптура, Истанбул и Прилеп, Македонија

## FÜSUN ONUR

Born 1938 in Istanbul, Tureky. Graduated form Buglarbasi American State College in 1956. Also graduated form Academy of Fine Arts (Sculpture department) in Istanbul in 1962. In 1962 went to USA on Fulbright Scolarship.
In 1967 got her M.A. degree of Fine Arts from Maryland lInstitute - College of Arts, Baltimore, USA.
In 1967 returned back to Instanbul where she llives at present as a free lancer.
She has written some articles about her art and art in general.
Participated at symposiums and juries.

**ONE PERSON EXHIBITIONS**
From 1970 to 1990 she had prepared one-person Exhibitions.

**GROUP EXHIBITICNS:**
1971 Paris Biennnial,
1974 Art Exhibitions of the Republic of Turkey
Hadi Bara Competition Exhibvition
1975 Middleheim B.Biennial, Belgium
1975-76 Archeological Museum Exhibitions
1981 New Trende in Art Exhibition, Academy of Fine Arts
1982 B.B.C. 50 Years Art Exhibition
1984-88 One Section of Contemporary Art Exhibitions
1986 International - Asian - Europian Art Biennial,Ankara
1987 I International Art Biennial, Istanbul
1988-93 A.B.C.D. Group Exhibitions, Istanbul
A Cross Section of Avant-Garde, Rurkish Art, Exhibition 5,MSU Painting and Sculpture Museum, Istanbul
1989 Group Exhibition 1, Dermond Cultural Center, Istanbul
Ten Artists - Ten Works: A.Ataturk Cultural Center, Istanbul
1990 The Grand Exhibition II, MSU Museum of Painting and Sculpture, Istanbul
Eight Artists - Eight Works: Ataturk Cultural Center, Istanbul
1991 Euro Dialogue,13 Woman Artists form Istanbul, Yildiz Palace, Istanbul
1992 Ten Artist - Ten Works: C Ataturk Culltural Center, Istanbul
Sanat-Texnh, MSU Painting and Sculpture Museum. Istanbul
1993 Ten Artists - Ten Works: D.Macka Art Gallery,Istanbul
Istanbul Exhibition, Ataturk Cultural Center, Istanbul
1994 Turkishe Kunst Heute, IFA (Institut fur Auslandsbeziehungen), Berlin, Studgart

**AWARDS:**
1972 Sculptor of the Year, Milliyet Art Magazine, Istanbul
1974 Award at the "35 Art Exhibition" of Turkish Republic, Istanbul
Second Prize, Hadi Baba Memorial, Sculpture Exhibition, Istanbul
1975-76 Art Prize, Archeological Museum, Open Air Axhibition, Istanbul

PRIVATE AND PUBLIC COLLECTIONS: MSU Painting and Sculpture Museum, Istanbul and Prilep City, Macedonia.

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
"Климент Охридски" , Скопје

АТАГУК, Тумур
Томур Атагук, Фузун Онур : Уметничка галерија Скопје , Даут пашин амам Македонија 15-30 септември 1994 / [одговорен уредник Драган Бошнакоски ; организација на изложбата , биографски податоци МенкаКарапашовска ; предговор: Сузана Милевска ; превод на англиски Жанета Станоевска ; ликовно обликување Денко Матевски] = Tomur Atagök, Füsun Onur Art gallery Skopje, Macedonia, 15-30 september 1994 / editor i chief Dragan Boshnakoski ; organization of the exhibition , biography Menka Karapashovska; preface Suzana Milevska ; translated into english by Zaneta Stanoevska ; lay - out Denko Matevski]. - Скопје : Уметничка галерија, 1994. - 24 стр. : илустр. 22x22см

издавач: уметничка галерија
одговорен уредник:драган бошнакоски
организација на изложбата: менка карапашовска
биографски податоци: менка карапашовска
предговор:сузана милевска
превод на англиски: менка карапашовска
ликовно обликување: денко матевски
скенирање: скенпоинт
компјутерска обработка: денко матевски
печати: догер
тираж: 500

publisher:art gallery skopje
editor in chief: dragan boshnakoski
organization of the exhibition: menka karapashovska
biography: menka karapashovska
preface: walt swales
translated into english by: menka karapashovska
lay-out: denko matevski
scaning: scanpoint
computer design: denko matevski
printed by: doger
copies: 500